# З А П И С Н И К
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.1.2019 година**

**Скопје, јануари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.1.2019 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар и амбасадорот на Романија во Република Македонија, Виорел Станила, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Билјана Пецевска, нотарка.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Презентирање на приоритетите на Романија за време на претседателството со Советот на Европската Унија

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за потребата од обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на железничка пруга од Крива Паланка до граница со Република Бугарија“

2. Годишна програма за работење на Агенција за планирање на просторот во 2019 година, со Предлог-одлука

3. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје со барање на финансиски средства за 2019 година, Програмата за работа и Финансиски план за 2019 година, со дополнување и Предлог-одлуки

4. Годишна инвестициона програма за 2019 година, со Финансиски план за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”- Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација со предлог за донесување на Одлука за давање согласност за Ценовник на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми„ п.о Скопје, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање на трајно користење, без надоместок, недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и
Предлог-одлука за давање на трајно користење, без надоместок, недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, со Известување од Државно правобранителство на Република Македонија

7. Бизнис план за 2019 година, Инвестициона програма за 2019, 2020 и 2021 година, Финансиска програма за 2019 година и Тригодишен план за период од 2019-2021 година на „Македонски железници Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлуки

8. Предлог-уредба за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар - поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството

9. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука

10. Информација за Општ план за управување со кризи од област на безбедност на храната и храната за животни за период 2019-2024 година

11. Информација за преземање иницијатива и напредок во процесот на усогласување на текст на Договор за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Државната администрација за ветеринарство и храна на Република Словачка од областа на безбедност на храната и ветеринарното јавно здравство

12. Предлог-програма за работа на Институт за акредитација на Република Македонија за 2019 година, со Финансиски план

13. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година

14. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите.ДП.Бр.03-746/18

15. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-698/18

16. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини, со Предлог-одлуки

17. Информација за реализација на повеќегодишна јавна набавка на основни, дополнителни и останати мобилни комуникациски услуги во одбран тарифен модел и набавка на мобилни телефонски апарати и опрема со одобрување на посебни попусти за потребите на Управата за заштита на културното наследство - Скопје

18. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица

19. Информација за давање на Согласност за долготраен закуп за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за МХЕ Падалишка со реф. бр.14, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог-закон за акцизите

21. Информација за Програмата на економски реформи 2019-2021 година, со текст на Програмата

22. Предлог-програма за намалување на аерозагадувањето за 2019 година

23. Предлог-годишна програма за заштита на природата за 2019 година

24. Информација во врска со одлуките за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи на локацијата со референтен број 352 на Река Зрновска и на локацијата со референтен број 9 на Река Јадовска, со Предлог-одлуки

25. Информација за поддршка на иницијативата за прогласување на планината Јабланица за заштитено подрачје

26. Информација со Предлог-одлука за давање на трајно користење на пречистителната станица за третман на отпадни води во општина Прилеп

27. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2017 година

28. Информација за трансфер на прибраните средства во Компензациониот фонд Фаре во Буџетот на Република Македонија

29. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на ЈП „Македонски железници Инфраструктура“ -

Скопје, како институција корисник на проект финансиран од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлука

30. Информација во врска со Оперативниот буџет на „ТАВ Македонија“ за 2019 година

31. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Ѓорче Петров

32. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зрновци

33. Информација во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино бр.44-5467/1 од 24.07.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2018), со Предлог-одлука

34. Информација во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат „Силекс“ АД - Кратово

35. Информација во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско индустриски комбинат „Силекс“ АД - Кратово

36. Информација во врска со барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - молибден, бакар, злато и сребро на локалитетот „Петрошница“ Општина Старо Нагоричане на Друштвото за експлоатација, преработка и производство „Сардич МЦ“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Предлог-одлука

37. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-одлуки

38. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Црешово топче“- Пробиштип, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

39. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Хавана“-Неготино, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

40. Информација за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Македонија на пазарите во Европската Унија

41. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Кучевиште, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

42. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за измена и дополна на Проект за инфраструктура за локален пат КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

43. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1(М1-Е75) КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука

44. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мојсов Данило ул. „Црниче“ бр.23 Скопје, со Предлог-одлука

45. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Спасовски Ненад ул. Страшко Симонов бр. 58, Куманово, со Предлог-одлука

46. Информација за потребата од усвојување на Индивидуалниот реформски акционен план (ИРАП) на ниво на националната држава до цел спроведување на Регионалната инвестициска реформска агенда

47. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од именување на арбитер и за доставување на одговор пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз во предметот заведен под број 24112/ГР на ЕЛ.ПЕТ. Балканики, Сосиете Аноним петролеум како тужител против Република Македонија како тужена

**в) Политички систем**

48. Информација во врска со номинација на национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, со Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија

49. Информација за резултатите од одржаниот Дигитален самит за земјите од Западен Балкан 2018, со предлог- одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

50. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година

51. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година

52. Информација за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс Клиники „Мајка Тереза“- Скопје, со Предлог-одлука

53. Информација за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-одлука

54. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за продажба на недвижни ствари во сопственост на ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп

55. Информација за интервентно згрижување на бездомни лица затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

56. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје

57. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје

58. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на Рудник „Саса“ ДОО Македонска Каменица

59. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, услуги и трговија увоз-извоз „Вламар“ ДООЕЛ Кичево

**б) Политички систем**

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправна установа Затвор Битола

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправна установа Затвор Скопје

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Идризово (44-11683/1)

63. Предлог-одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправна установа Казнено -поправен дом Идризово (44-11656/1)

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Воспитно-поправна установа Воспитно-поправен дом Тетово

65. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница

66. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено поправна установа-Казнено поправен дом Идризово

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

70. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

71. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

72. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

73. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година

74. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година и Годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

75. Иницијатива поднесена од претседателот на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација и Генерален секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.128/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 61 став 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 31/2000, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015)

76. Иницијатива поднесена од претседателот на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација и Генерален секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.129/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015)

77. Иницијатива поднесена од Александар Ташковски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.111/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за начинот на финансирањето на организацијата на научните собири и учество на домашните научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2013)

78. Статут на Првиот приватен универзитет - Фон

79. Статут на Меѓународниот универзитет во Струга

**д) Други предлози**

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

82. Финансов план на ЈП „Македонијапат“ - Скопје за 2019 година

83. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија (со дефинирани рокови и носители за имплементација)

84. Информација во врска со рефинансирање на кредитите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

85. Информација во однос на потребите од деловен простор за Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост

86. Информација со Анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување“ со Предлог мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на Извештајот Doing Business 2018 година на Светска банка

87. Информација за почеток на откуп на тутун од реколтата 2018 година и почеток на производство на премиум брендот на „Fhilip International Management SA-Marlboro“

88. Информација во врска со статусот на реализација на мерките и активностите опфатени со Акциски план за подобрување на рангот кај Индикаторот плаќање даноци „Duing Busines 2018“ на Светска банка

89. Информација со Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби

90. Информација за можностите за поедноставување на постапката за издавање на пасоши преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, отстранување на техничките проблеми со мобилните станици и можност за воведување на нови базни станици

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

91. Предлог-уредба за престанување на важењето на Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија

92. Информација за потребата од формирање на Работна група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, со Предлог одлука и Предлог-решение

93. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Литванија за меѓународен

патен сообраќај, со усогласен текст на Спогодбата на македонски, литвански и англиски јазик

94. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во установите од областа на социјалната заштита за 2019 година

95. Информација за потребата од пренамена на вакцини против сезонски грип

96. Предлог-решение за именување на претседател, заменик на претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Презентирање на приоритетите на Романија за време на претседателството со Советот на Европската Унија**

На седницата на Владата присуствуваа амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар и амбасадорот на Романија во Република Македонија, Виорел Станила, кој ги презентираше приоритетите што ги поставила Владата на Романија за време на нејзиното претседавање со Советот на Европската Унија.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, на почетокот на седницата упати честитки до амбасадорот Станила, за романското преземање на Претседавањето со Советот на Европската Унија и истакна дека Романија го презема претседавањето со Советот на Европската Унија во исклучително значаен период, имајќи го предвид фактот што за време на претседавањето ќе се одржат европските избори кои ќе ја поставаат иднината на Европската Унија, но и ќе ја трасираат идната патека на политиката за проширување.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, во своето обраќање потенцираше дека нашата земја со внимание ги следи подготовките за Самитот на Европската Унија во Сибиу (9 мај 2019 година) кој ќе се однесува на иднината на Европската Унија и од кој нашите граѓани очекуваат силна порака до земјите од Западен Балкан дека на нашиот регион се гледа како на дел од идната Европа.

Од презентацијата на амбасадорот Станила, приоритетите што беа претставени ги опфаќаат „Европа на патот кон раст, кохезија, конкурентност и поврзаност“, потоа „Безбедна Европа“, „Европа како посилен глобален играч“, и „Европа на заеднички вредности“. Политиките на Европската Унија на интегрирање на Западен Балкан во нејзините структури остануваат приоритет на Владата на Романија во наредните шест месеци во столбот „Европа како посилен глобален играч“.

Амбасадорот Станила во својата презентација нагласи дека политиките на проширување со земјите членки на Западен Балкан остануваат стратешки интерес на Европската Унија, поради што фокусот на европската поддршка на регионот ќе се задржи на зајакнување на демократските процеси и на помирувањето.

Амбасадорот на Европската Унија во нашата земја Самуел Жбогар, земајќи збор потенцираше дека овој владин состав направи Република Македонија да го дочека романското претседавање со Советот на Европската Унија со историското достигнување со Договорот од Преспа и со решението на спорот со Република Грција и на тој начин ја доближи, како никогаш досега, земјата до портите на Европската Унија. Амбасадорот Жбогар додаде дека успехот на Република Македонија е силна порака за регионот, но и за Европа, дека нема нерешливи прашања со храбри и посветени лидери.

На седницата, на која првата предточка беше посветена на приоритетите на Романија за време на претседавањето со Советот на Европската Унија, се обратија и заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров.

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, меѓу другото, се задржа на мотото на романското претседавање „Кохезијата, заедничка европска вредност“ и истакна дека тоа во целост ги одразува и нашите аспирации кон градење на современо демократско општество, низ кохезија и почитување на европските вредности како универзални вредности кои пред се и над се го ставаат човекот и неговата добросостојба.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, во своето обраќање нагласи дека тајмингот е многу важен и дека за Република Македонија во претстојниот период се најавува успешна година, во која ќе треба да се жнеат плодовите што доаѓаат како резултат на активностите кои во минатата година земјата ги презеде, донесената одлука за храбро и одлучно решавање на децениски проблем, која воедно е и модел за другите земји. Министерот Димитров потсети дека Европскиот совет го отвори патот, но дека задачата сега е да се завршат реформите и да се создаде атмосфера согласно која ќе биде невозможно во јули оваа година Република Македонија да не биде прифатена како земја која ги отпочнува преговорите со Европската Унија.

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата, амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар и амбасадорот на Романија во Република Македонија, Виорел Станила, за статусот на реализација на мерките содржани во Планот 18 (статус 18.1.2019 година), со констатација дека сите мерки со достасан рок на реализација се завршени или се во тек на реализација, со исклучок на мерката 3.8.3. Формирање на преговарачка структура на Република Македонија со Европската Унија, која се очекува да биде реализирана во најскоро време.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата по повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор,

за изменување на пристапот, подигнување на нивото на координација со ИПА проектите, односно од ниво на раководители на сектор на министер/заменик на министер/државен секретар, со цел нивно директно влијание на ИПА политиките, што подразбира нивно лично присуство на седниците на Владата кога се разгледуваат материјали во врска со ИПА фондовите, кога се организираат институционални посети на најголемите корисници на ИПА фондовите, кога се организираат теренски посети и.т.н. ги задолжи членовите на Владата кои што имаат ИПА проекти, да назначат одговорно лице/координатор од редот на министер/заменик на министер/државен секретар и за истото да го известат Секретаријатот за европски прашања.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.
Притоа, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, укажа на потребата министрите еднаш до два пати во неделата да одржуваат состаноци во министерството со одговорните лица/тимови за реализација на капиталните инвестиции како врвен приоритет.

Исто така, вакви состаноци да се одржуваат и со лица/тимови од институциите кои се под ингеренции на министерствата.

Согласно ова, Министерството за финансии да подготви табела во која ќе биде вметната реализацијата на капиталните инвестиции за секоја институција одделно и истата да се разгледува на секоја седница во делот на Пред преминување на дневен ред.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на железничката пруга од Крива Паланка до границата со Република Бугарија“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави барање за изразување на интерес до меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за обезбедување на заем во износ од 345 милиони евра за финансирање на проектот „Изградба на железничка пруга од Крива Паланка до граница со Република Бугарија“, како и грант средства за техничка помош за овој Проект.

2. Се задолжува ЈП Македонски железници „Инфраструктура“ - Скопје, по затворањето на финансиската конструкција за Проектот да достави ИПА апликација за истиот до Министерството за транспорт и врски, со цел истата преку Секретаријатот за европски прашања да биде доставена до службите на Европската комисија.

## Точка 2

Владата по Годишната програма за работење на Агенција за планирање на просторот во 2019 година, со дополнување и Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2019 година, во предложениот текст.

2. Во Договорот и протоколите за ангажман помеѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за планирање на просторот да и се овозможи на Агенцијата за планирање на просторот да во рамките на средствата што се опфатени во годишните програми да се опфатат и средствата за подготовка на геодетски подлоги и сите други активности за изработка на плански документи како што се услови за планирање на просторот, студии или елаборати за влијанието врз животната средина, заштитно конзерваторски основи и др.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање на финансиски средства за 2019 година, Програмата за работа и Финансиски план за 2019 година, со дополнување и предлог-одлуки (најнов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање на финансиски средства за 2019 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со заклучок номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со заклучок во членот 1 да се наведат сите изменувања на Изјавата за основање на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје.

5. Даде Изјава за преземање на нов влог, во предложениот текст.

6. Ја разгледа Програмата за работа на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 4

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната инвестициона програма за 2019 година, со Финансиски план за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна

економска политика, поради потребата да се дополни Финансискиот план со адекватно образложение за обврските кон Министерството за одбрана согласно склучените договори.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање согласност за Ценовник на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми“ п.о Скопје, со најнов текст на Ценовник и Предлог-одлука и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата заклучи:

1. Да не ја донесе Одлуката за давање согласност на ценовникот на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје.

2. Се укажува на органите на управување на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје да го вратат во сила претходниот Ценовник и така корегираниот ценовник откако ќе се донесе од Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје, да го достават до Владата за согласност.

3. Се задолжуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, заедно со органите на управување на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје, да пристапат кон покомплексно решавање на проблемот со нов пакет на мерки и истите да ги достават до Владата.

**Точка 6**

Владата ги донесе најновите текстови на

- Одлуката за давање на трајно користење недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (КП бр.658 КО Мрзенци), во предложениот текст и

- Одлуката за давање на трајно користење, недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (КП бр.502/3 КО Раброво), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот по завршување на постапката за давање на трајно користење на предметните недвижни ствари, да ја информира Владата за условите за продажба или давање под закуп на предметните деловни простории согласно позитивните законски прописи, цената и субјектот со кој е склучен договорот, како и во прилог на материјалот да го достави и договорот со кој ќе се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Точка 7**

Владата по најновите текстови на Бизнис планот за 2019 година, инвестиционите програми за 2019, 2020 и 2021 година, Финансиската програма за 2019 година и тригодишниот план за период од 2019-2021 година на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје, со дополнувања кон материјалот и Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Финансиската програма на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на инвестиционите програми на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје за период од 2019 година до 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по најновиот текст на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Општиот план за управување со кризи од област на безбедност на храната и храната за животни за период 2019-2024 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземање иницијатива и напредок во процесот на усогласување на текст на Договор за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Државната администрација за ветеринарство и храна на Република Словачка од областа на безбедност на храната и ветеринарното јавно здравство, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Државната администрација за ветеринарство и храна на Република Словачка од областа на безбедност на храната и ветеринарното јавно здравство.

2. Се овластува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Зоран Атанасов, да го потпише Договорот за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Државната администрација за ветеринарство и храна на Република Словачка од областа на безбедност на храната и ветеринарното јавно здравство.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, до септември 2019 година, да ја извести Владата за исходот на потпишувањето на Договорот за научна и техничка соработка

помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Државната администрација за ветеринарство и храна на Република Словачка од областа на безбедност на храната и ветеринарното јавно здравство.

## Точка 12

Владата:

1. Го донесе најновиот текст на Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

2. Го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој поради потребата од дополнително усогласување на текстот на програмата помеѓу Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование и наука.

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (КП.бр.11477), во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп.

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево и

11. Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени, во предложените текстови.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на повеќегодишна јавна набавка на основни, дополнителни и останати мобилни комуникациски услуги во одбран тарифен модел и набавка на мобилни телефонски апарати и опрема со одобрување на посебни попусти за потребите на Управата за заштита на културното наследство - Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Управата за заштита на културното наследство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на основни, дополнителни и останати мобилни комуникациски услуги во одбран тарифен модел и набавка на мобилни телефонски апарати и опрема со одобрување на посебни попусти за потребите на Управата за заштита на културното наследство - Скопје, во вкупна вредност од 2.200.000 денари во динамика и износи утврдени од страна на Министерството за финансии и тоа:

- 1.000.000 денари за 2019 година
- 1.000.000 денари за 2020 година
- 200.000 денари за 2021 година

2. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство износите потребни за реализација на јавната набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредните години, а Министерството за финансии да ги има во предвид.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за долготраен закуп за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за МХЕ „Падалишка“ со реф.бр.14, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ „Падалишка“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен, согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за акцизите, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за финансии да ги објасни одредбите од Предлог-законот пред јавноста.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2019 - 2021 година, со текст на Програма и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати текстот на Програмата за економски реформи 2019 - 2021 година.

2.Се задолжува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да ја достави Програмата за економски реформи до Европската комисија до 31 јануари 2019 година.

**Точка 22**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на природата за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одлуките за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи на локацијата со референтен број 352 на Река Зрновска и на локацијата со референтен број 9 на Река Јадовска, со Предлог-одлуки (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со одлуките за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи на локацијата со референтен број 352 на Река Зрновска и на локацијата со референтен број 9 на Река Јадовска.

2. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи локација со референтен број 9 на Река Јадовска, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи локација со референтен број 352 на Река Зрновска, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од две недели до Владата да достави информација во врска со ненаплаќањето на банкарските гаранции во согласност со одлуките за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи со локации со референтен број 9 на Река Јадовска и референтен број 352 на Река Зрновска.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за поддршка на Иницијативата за прогласување на планината Јабланица за заштитено подрачје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со општините Струга и Вевчани, да изнајдат финансиски средства за изготвување на Студијата за валоризација на природните вредности на Јабланица.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2017 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за трансфер на прибраните средства во Компензациониот фонд ФАРЕ во Буџетот на Република Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во Буџетот на Република Македонија да префрли средства во вкупен износ од 13.660.000,00 денари од сметката на Компензационен фонд ФАРЕ *94 100000000063774 на приходната потставка 725939-Други неданочни приходи, Програма 00, на сметка на Буџетот на Република Македонија-630010001963019, во рок од пет дена.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје, како институција корисник на проект финансиран од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2019 година, со Оперативен буџет на ТАВ Македонија за 2019 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2019 година.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Ѓорче Петров, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зрновци, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зрновци, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, по Одлуката за започнување на постапка за доделување на

концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино бр.44-5467/1 од 24.7.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/18), со Извештај и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:
1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.210/18.
2. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино по Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип, на Рударско индустриски комбинат „Силекс“ АД - Кратово, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 35

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско Индустриски комбинат „СИЛЕКС“ АД - Кратово, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - молибден, бакар, злато и сребро на локалитетот „Петрошница“, Општина Старо Нагоричане на Друштвото за експлоатација, преработка и производство „Сардич“ МЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Предлог- одлука, како материјал за информирање.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с. Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст, имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Црешово топче, Пробиштип, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го

донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Црешово топче“ - Пробиштип, со седиште на ул. „Јордан Стојанов“ бр. 5, Пробиштип - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Хавана, Неготино, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел„Хавана“- Неготино, со седиште на ул. „Индустриска“ бр. 1-А, Неготино - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Македонија на пазарите во Европската Унија, го усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, во рок од шест месеци да ја информира Владата за напредокот на оваа активност.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Кучевиште, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Кучевиште, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за измена и дополна на Проект за инфраструктура за локален пат КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за измена и дополна на Проект за инфраструктура за локален пат КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75) КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска

документација за изградба на бензинска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75) КО Табановце, Општина Куманово, во предложениот текст.

**<u>Точка 44</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Мојсов Данило, ул. Црниче бр.23 Скопје, со текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Спасовски Ненад ул. Страшко Симонов бр. 58, Куманово, со Предлог-одлука и текст на Договор, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од усвојување на Индивидуалниот реформски акционен план (ИРАП) на ниво на националната држава со цел спроведување на Регионалната инвестициска реформска агенда и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Акцискиот план за инвестициски реформи за Република Македонија (ИРАП) кој има за цел спроведување на Регионалната инвестициска реформска агенда.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од три дена да го извести Регионалниот центар за соработка (РЦЦ) во Сараево, Босна и Херцеговина и комесарот за проширување, Јоханес Хан за содржината на Акцискиот план за инвестициски реформи за Република Македонија, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од именување на арбитер и за доставување на одговор пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз во предметот заведен под број 24112/ГР на ЕЛ.ПЕТ. Балканики, „Сосиете аноним петролеум“ како тужител, против Република Македонија како тужена страна и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го номинира арбитерот Dr. Franz Stirnimann Fuentes (д-р Франц Штирниман Фуентес) за арбитер во предметот заведен под број 24112/ГР на ЕЛ.ПЕТ. Балканики, „Сосиете аноним петролеум“ како тужител, против Република Македонија како тужена страна.

2. Од Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз да се побара продолжување на рокот за доставување на одговор по поднесеното барање за арбитража, најдоцна до 24.4.2019 година.

3. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во име на Владата на Република Македонија веднаш, но не подоцна од 23.1.2019 година, до Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз да достави Известување за номинирање на арбитар и Барање за продолжување на рокот за доставување на одговор по поднесеното барање за арбитража најдоцна до 24.4.2019 година.

4. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја извести Владата за идните потребни активности поврзани со правата и правните интереси на Република Македонија во предметот заведен под број 24112/ГР на ЕЛ.ПЕТ. Балканики, „Сосиете аноним петролеум" како тужител, против Република Македонија како тужена страна.

Истовремено, Владата заклучи д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, заедно со министерот за економија и претседателот на Владата на Република Македонија, да продолжат да ги водат постапките согласно потребите кои ќе произлезат од предметот.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со номинација на национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, со Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за резултатите од одржаниот Дигитален самит за земјите од Западен Балкан 2018, со Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, ја усвои информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година, со заклучок Министерството за образование и наука во текстот на Програмата, во последната табела, во претпоследниот ред:

- делот кој се однесува на „враќање на финансиски средства по задржан депозит“ да го усогласи со Мислењето на Министерството за финансии (дали да биде составен дел на Програмата) и

- делот кој се однесува на „други трошоци“ да го допрецизира, во насока дека се однесува на трошоци поврзани со изградбата кои не може да се предвидат.

**Точка 51**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година, со заклучок Министерството за образование и наука во текстот на Програмата, во претпоследната табела, во претпоследниот ред:

- делот кој се однесува на „враќање на финансиски средства по задржан депозит“ да го усогласи со Мислењето на Министерството за финансии (дали да биде составен дел на Програмата) и

- делот кој се однесува на „други трошоци“ да го допрецизира, во насока дека се однесува на трошоци поврзани со изградбата кои не може да се предвидат.

**Точка 52**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за здравство да одржи работни средби со Секретаријатот за законодавство и Советот за јавно приватно партнерство, во насока на усогласување на отворените прашања кои се однесуваат на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредните седници на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 53**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за здравство да одржи работни средби со Секретаријатот за законодавство и Советот за јавно приватно партнерство, во насока на усогласување на отворените прашања кои се однесуваат на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредните седници на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за продажба на недвижни ствари во сопственост на ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп, со Процена и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за интервентно згрижување на бездомни лица затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика преку Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да обезбеди сместување на затекнатите лица под Кале согласно мапирањето на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (период декември 2018 - март 2019 година), во објекти што ги користи Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во Пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари), со Решение на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, врз основа на претходна согласност на лицата.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика до Владата да достави информација за преземените активности за интервентно згрижување на лицата кои се затекнати како питачат на раскрсниците во градот Скопје, особено на лица придружувани со мали деца и мали деца.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Операторот на електро-преносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење во однос на податоците содржани во истата.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Операторот на електро-преносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење во однос на податоците содржани во истата.

**Точка 58**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на рудник САСА ДОО Македонска Каменица за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот, согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски (односно ќе ги коригира координатите на концесиското поле).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, услуги и трговија увоз-извоз „Вламар“ ДООЕЛ Кичево, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Затвор Битола“, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа „Затвор Скопје“, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (противпожарни апарати), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (знаци за простории), во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (ѕидни ЛЕД светилки), во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (душеци и постелнина), во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (кујнски инвентар), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно -поправната установа „Воспитно - поправен дом Тетово“, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, со заклучок Одлуката да биде потпишана откако Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи ќе достави мислење по истата.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово, со заклучок, Одлуката да биде потпишана откако Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи ќе достави мислење по истата.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 71**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и утврди негативно мислење по текстот на Предлог-законот, имајќи предвид дека:

1. Од страна на Министерството за одбрана се подготвува нов Предлог-закон за класифицирани информации и

2. Во однос на организациската поставеност и структурата на националните безбедносни авторитети на другите држави од регионот и пошироко, со кои што Владата на Република Македонија има склучено билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации, компаративните искуства покажуваат дека истите немаат заменици - директори. Тоа е пред се од причина што безбедносните процедури, согласно важечките НАТО и ЕУ стандарди, не дозволуваат двојство при одлучувањето за издавање безбедносни сертификати за пристап до класифицирани информации. Имено, на безбедносниот сертификат за пристап до НАТО класифицирани информации може да стои само еден потпис, претходно депониран во НАТО. Ова беше причината заради која уште при донесувањето на Законот за класифицирани информации во 2004 година беше отфрлена идејата за воведување на позицијата „заменик-директор“, како нецелисходно решение.

**Точка 73**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Финансискиот план е изготвен и доставен до Собранието на Република Македонија согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Македонија, финансиски план за наредната година.

Со Финансискиот план за 2019 година, вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата за супервизија на осигурување се планирани во ист обем, односно во износ од 88 милиони денари. Планираните приходи се повисоки за 7,55 проценти во однос на планот за 2018 година, како резултат на континуираниот раст на осигурителниот пазар и спроведување на обуки за стручни испити, а планираните расходи се повисоки за 1,98 проценти во однос на планот за 2018 година.

Имајќи предвид дека расходите на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година се планирани во рамки на планираните приходи и овозможуваат непречено извршување на основните функции на Агенцијата, Владата на Република Македонија нема забелешки по Финансискиот план.

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година и Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година, со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави заедничко мислење по материјалот во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 75**

Владата не расправаше по Иницијативата поднесена од претседателот на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.128/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 61 став 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 31/2000, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015).

**Точка 76**

Владата не расправаше по Иницијативата поднесена од претседателот на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација и генерален секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.129/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015).

**Точка 77**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилник за начинот на финансирањето на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студентски престои во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2013), поднесена од Александар Ташковски од Битола и притоа го утврди следното мислење:

Врз основа на член 50 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016“), член 7 од Правилникот за начинот на финансирање на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2013) Министерството за образование и наука распиша:

Конкурс за распределба на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2018 година.

Согласно член 7 од Правилникот за начинот на финансирање на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2013), субјектите за вршење на научно-истражувачка дејност по објавениот конкурс од член 2 од Правилникот за доделување средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири, поднесуваат пријава за доделување на средства.
Пријавата од став 1 на овој член содржи податоци за: називот на меѓународниот научен собир, кандидатот за учество на меѓународниот научен собир, неговото научно, наставно-научно или соработничко звање и називот на установата во која е вработен.

Кон пријавата од став 1 на овој член се приложува:
доказ дека трудот е прифатен за усна или писмена (постер) презентација од организаторот на меѓународниот научен собир, согласност од установата каде што е вработен кандидатот за учество на меѓународниот научен собир, потврда за висината на патните трошоци, потврда за висина на котизација и абстракт од научниот труд.

Субјектите за вршење на научно-истражувачка дејност се: државни универзитети и приватни универзитети - во нивните единици насочени кон наука (научни институти) и во единици насочени кон образование засновано на наука (факултети), МАНУ, самостојна државна високообразовна установа, самостојна приватна високообразовна установа, јавна научна установа, мешовита научна установа, приватна научна установа и самостоен истражувач кои се дефинирани во член 2 од Правилникот, во согласност со член 15 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016).

На кандидатот Александар Ташковски не му е издадено Решение по електронски пат, затоа што критериумите од Конкурсот за распределба на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2018 година не го дозволуваат тоа, во објавениот Конкурсот јасно е опишана целата постапка, за начинот на аплицирање на секој кандидат кој има право на доделување на средства за учество на меѓународна научна конференција.

По електронски пат дадено му е образложение за начинот на финансирање на Конкурсот за распределба на средства за учество на домашни истражувачи на меѓународни собири за 2018 година согласно кој Правилник се финансира овој конкурс, кои субјекти имаат право на доделување на средства и кои документи треба да се приложат кон пријавата за доделување на средства за учество на меѓународна научна конференција.

Студентите на додипломски, магистерски и докторски студии не се регистрирани како субјекти кои вршат научно-истражувачка дејност согласно Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015 ,30/2016 и 53/2016).

Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената иницијатива да ја отфрли од причина што Уставниот суд на Република

Македонија не треба да решава уставност и законитост на поединечни правни акти со кој се решава за права и обврска на поединци.

**Точка 78**

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Прв приватен Универзитет -ФОН и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија достави стручно Мислење со бр.44-6711/1 од 18.9.2018 година како и стручно Мислење со бр.44-6711/2 од 18.12.2018 година со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

По ново доставениот текст на Статутот на високообразовната установа Прв приватен универзитет ФОН како и Известувањето бр.03-1618/3 од 28.12.2018 година, со кое се укажува на парцијално усвојување на дадените забелешки од последниот допис бр.44-6711/2 од 18.12.2018 година укажуваме дека остануваме на ставот за доследно и целосно усвојување од страна на високообразовната установа на забелешките дадени со допис бр.44-6711/1 од 18.9.2018 година и допис бр.44-6711/2 од 18.12.2018 година.

Притоа на високообразовната установа повторно се укажува, дека секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со Статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

**Точка 79**

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Меѓународниот универзитет во Струга и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија до Меѓународниот универзитет во Струга достави стручно мислење бр. 44-8689/2 од 18.12.2018 година, со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Владата на Република Македонија го разгледа новодоставениот Статут на Меѓународниот универзитет во Струга и согласно тоа Ве известува за следново:

-Нормирањето во Статутот треба да се изврши бројчано, без наведување на букви покрај бројот на членот. Наведувањето на букви во азбучен ред покрај бројот на членовите се применува исклучиво во случај на дополнување на статут со нови одредби. По прифаќањето на оваа забелешка, да се пристапи кон соодветна пренумерација на сите одредби од Статутот.

Освен горенаведеното, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутот на Меѓународниот универзитет во Струга.

**Точка 80**

1. Владата го именува Аљајдин Хавзиу, досегашен вршител на должноста, директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, за директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Неваип Исмаили од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии.

2.1. Владата го именува Нурфет Карагоски за вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Томи Салковски од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.

4. Владата го определи Азви Мустафа за претставник во Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје.

5. Владата го разреши Петар Павловски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

5.1. Владата го именува Никола Марковски за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

6. Владата на Миодраг Стевановиќ разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 28.12.2018 година до 28.9.2019 година.

7. Владата го отповика Марјан Вета од должноста член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ -Скопје, во државна сопственост.

7.1. Владата ја избра Марија Талаја за член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ -Скопје, во државна сопственост.

8. Владата ја отповика Бојана Аврамовска-Ѓоревски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

8.1. Владата ја избра Моника Зајкова за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

9. Владата заклучи Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија да подготват и до Владата да достави извештај за состојбата со работењето на Институтот за акредитација на Република Македонија и Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија.

## Точка 81

1. Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за изнаоѓање на решение за продолжување на стопанисувањето и управувањето со комплексот „Македонско село“, со заклучок точка 3 да се измени и да гласи „Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето“.

2. Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Известувањето од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за постапување по заклучоци и поништување активности на порталот Е-влада, поради потребата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 14.1.2019 година до 20.1.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

4. Владата заклучи Информацијата со барање за исплата на финансиски средства од Министерството за внатрешни работи на „11 Октомври -Еурокомпозит“ АД Прилеп, да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации за решавање на проблемот.

Информацијата претходно да биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

5. Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за потпишување на Договор за соработка меѓу Државниот архив на Република Македонија и Народниот музеј во Врање, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Државниот архив на Република Македонија.

## Точка 82

Владата го разгледа новиот текст на Финансовиот план на ЈП „Македонијапат“ - Скопје за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 83

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија (со дефинирани рокови и носители за имплементација), со дополнувањата, како материјал за информирање.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата во врска со рефинансирање на кредитите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата во однос на потребите од деловен простор за Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“- Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата им укажа на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“-Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и Законот за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија од Собранието на Република Македонија, Акционерските друштва да направат/склучат договор за купопродажба.

## Точка 86

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување“ со Предлог-мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на Извештајот Doing Business 2018 година, на Светска банка, со дополнување, како материјал за информирање, со укажување Државниот инспекторат за транспорт да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за почеток на откуп на тутун од реколтата 2018 година и почеток на производство на премиум брендот на „Philip Morris International Management SA-Marlboro“, како материјал за информирање.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на мерките и активностите опфатени со Акцискиот план за подобрување на рангот кај Индикаторот плаќање даноци „Duing Busines 2018“ на Светска банка, како материјал за информирање.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата со ревидиран Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби, како материјал за информирање.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за можностите за поедноставување на постапката за издавање на пасоши преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република

Македонија, отстранување на техничките проблеми со мобилните станици и можност за воведување на нови базни станици, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, со заклучок Министерството за одбрана номотехнички да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство (основот за донесување на истата).

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за формирање на Работна група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, со Предлог-одлука и Предлог-решение (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Работна група за градење отпорност од хибридни закани и ризици.

2. Го донесе Решението за назначување на лица - членови на Работната група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, со заклучок влегувањето во сила да биде со денот на донесувањето.

3. Се задолжува Работната група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, да подготви и до Владата да достави информација со предлог- одговори по Протоколот на Европската комисија за работата, до 7 март 2019 година.

**Точка 93**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Литванија и Владата на Република Македонија за меѓународен превоз во патниот сообраќај, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Литванија и Владата на Република Македонија за меѓународен превоз во патниот сообраќај.

2. Се определува м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Литванија и Владата на Република Македонија за меѓународен превоз во патниот сообраќај.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 95</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пренамена на вакцини против сезонски грип, како материјал за информирање.

**<u>Точка 96</u>**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18.00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**